Office of the United Nations Resident Coordinator

# Награди на Обединетите нации за достигнувања во новинарството и фотографија 2009

Традиционално, по повод Меѓународната недела за намалување на сиромаштијата (17 до 24 октомври), Организацијата на Обединетите нации ќе додели награди за високи достигнувања во новинарството и фотографијата, на теми поврзани со сиромаштијата во земјава. И оваа година, Организацијата на Обединетите нации ќе ги додели следните награди во четири категории:

- Најдобар прилог во печатен медиум (прва, втора и трета)
- Најдобар ТВ прилог (прва, втора и трета)
- Најдобар радио прилог (прва, втора и трета)
- Најдобра фотографија (прва, втора и трета)

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во текот на Меѓународната недела за намалување на сиромаштијата (17 - 24 октомври 2009).

**Критериуми:**

Новинарството како професија има значајна улога во креирањето на јавното мислење и градењето на свеста во општеството. За таа цел, ООН ги охрабрува новинарите да развиваат истражувачки пристап, да практикуваат квалитетно информирање, да отвораат дискусија и да иницираат акција на темите сиромаштија и социјална исклученост. Во категориите за најдобри прилози/написи во печатените медиуми, ТВ и радиото, предност ќе имаат оние прилози коишто:

- инкорпорираат поширок, аналитички пристап кон темата;
- вклучуваат истражувачки и аналитички аспекти;
- не известуваат само за еден изолиран случај;
- прават поврзувања меѓу фактите, произведуваат заклучоци, поврзуваат со пошироката социјална слика.

Пријавите можат да вклучат: серија прилози или единечен прилог што критички разгледува одредена тема, акција и/или одговор; серија или единечна фотографија што ја доловува суштината на темата во една слика. Пријавите ќе се оценуваат според тоа дали предизвикале јавна дебата или промени поврзани со искоренување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

**Вредност на наградите:**

1. Прва награда = 500 USD
2. Втора награда = 300 USD
3. Трета награда = 200 USD

**Пријавување:**

- Конкурсот е отворен само за автори - соработници или вработени во медиумите во земјата. Странски државјани немаат право на учество.
- Доставените материјали мора задолжително да биле објавени во некој од домашните медиуми, во периодот помеѓу 12 октомври 2008 и 27 септември 2009, со јасно и видливо назначен датум.
- Комплетната апликација содржи: 1) Форма за апликација со основните контакт информации, заедно со 2) копија од објавениот прилог/напис/фотографија, како и ознака каде и кога биле објавени. Се препорачува радио и ТВ прилозите, како и фотографиите да се достават на ЦД/ДВД.
- Со пријавување на овој конкурс, учесниците во сите категории прифаќаат нивните прилози/материјали да бидат печатени во публикации на ООН или користени во промотивни настани.
- Адреса за доставување на апликациите: Канцеларија на Обединетите нации, Сектор за комуникации, 8-ма Ударна бригада 2, 1000 Скопје, или на е-маил: journalism.mk@undp.org
- **Краен рок за пријавување е недела, 27 септември 2009.**